РЕАКТОР
истражување во акција

# Родов аспект на социјалните и економските ефекти од кризата предизвикана од пандемската криза со коронавирусот (COVID19)



Декември 2020
Скопје

РЕАКТОР
истражување во акција

# За издавачот

**Родов аспект на социјалните и економските ефекти од кризата предизвикана од пандемската криза со коронавирусот (COVID19)**

**Издавач:**
Реактор – Истражување во акција
**За издавачот:**
Тања Иванова

**Бесплатен/Некомерцијален примерок**

Илустрација на корица преземена од pch.vector / Freepik

KVINNA KVINNA

Овој материјал е изготвен со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) и Фондацијата Квина тил Квина. За содржината на овој документ целосно е одговорен Реактор – Истражување во акција и во никој случај не ги рефлектира позициите на Sida и Квина тил Квина.

# Содржина

**Вовед** ........................................................ 2
**Здравствена заштита и пристап до здравствени услуги** .................................................. 5
**Економија: платена и неплатена работа** ............. 9
**Социјална заштита** .......................................... 15
Колку кризните мерки беа јасни, сеопфатни и применливи за крајните корисници .......................... 21
**Насилство врз жени и семејно насилство** ............ 23
Добри практики на државите во справување со родово-базираното насилство .................................. 26
**Препораки** ..................................................... 27
Општи ..................................................................... 27
Конкретни ............................................................... 27
**Референци** ..................................................... 29

# Вовед

Северна Македонија е земја на социјални и економски предизвици каде пристапот до квалитетна здравствена заштита и функционални механизми за социјални услуги е ограничен за голем дел од граѓаните. Ваквите нееднаквости се манифестираат, преку постојано непочитување на работничките права, зголемени стапки на родово-базирано насилство, дискриминација на маргинализираните групи во речиси сите сфери од општественото живеење и родово-базирана дискриминација на пазарот на трудот. Како што е очигледно од елаборираните податоци понатаму во овој документ, овие јазови диспропорционално повеќе ги засегаат жените негативно, споредбено со мажите.

Имајќи ги предвид овие состојби и нивото на почитување на човековите права не е тешко да се замисли дека дури и мала политичка, економска или здравствена криза може да предизвика големи штети и продлабочување на нееднаквостите, доколку реакцијата на надлежните авторитети не е пропорционална и не ги зема предвид различните потреби на сите категории граѓани во државата, вклучително и жените и мажите и маргинализираните групи. Потенцијалот една криза да ги продлабочи нееднаквостите во општеството е огромен доколку преземените мерки и реакции се неадекватни, па оттаму тековната глобална криза, предизвикана од пандемијата со вирусот Sars-Cov-2 и болеста Ковид-19 ги направи уште повидливи општествените нееднаквости и ги продлабочи веќе постоечките родови јазови во Северна Македонија, како што покажува оваа анализа понатаму.

Вирусот Sars-Cov-2, официјално за првпат се појави во провинцијата Хубеи во Народна Република Кина во декември, 2019 година.[1] Од овој момент, вирусот почна релативно полека, но стабилно, да се шири низ целата Земја. Светската здравствена организација прогласи пандемија на Ковид-19 на 11 март, 2020 година[2]. На 26ти февруари, беше регистриран првиот позитивен случај и во државава. Откако беше очигледно дека вирусот и болеста се шират и кај нас, со цел да се спречи заразата преку носење мерки, Претседателот на државата во согласност со техничката влада прогласи Вонредна состојба на територијата на РСМ на 18 март, 2020 година.[3]

[1] Светска Здравствена Организација (СЗО)/World Health Organization (WHO). Timeline – WHO's Covid19 response. Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/interactive-timeline#event-0
[2] Ibid.
[3] Службен весник на Република Северна Македонија бр.68/2020. „Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 18.3.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија".

Преку ваквата состојба, Владата беше во позиција брзо и прецизно да носи Уредби со кои се пропишуваа легислативни мерки за спречување и заштита од Ковид-19. Вонредната состојба траеше до 22 јуни, 2020 година, по што следеше период на парламентарни избори, формирање на нова Влада и прогласување на кризна состојба на 20 ноември, 2020 година[4].

За време на траењето на вонредната состојба, Владата донесе три пакет социо-економски мерки за олеснување од последиците предизвикани со Ковид-19. Освен тоа, беа носени и уредби со кои се регулираше здравствената состојба во државата и се носеа мерки за заштита и безбедност на населението. Оваа анализа опфаќа дел од овие социо-економски и здравствени мерки кои беа носени токму за време на вонредната состојба и непосредно пред нејзиното прогласување – од моментот на прогласувањето на пандемија во светски рамки – и се задржува на тоа какво беше нивното влијание врз родовата еднаквост во државата.

Анализата нуди увид во тоа како кризата ги продлабочи веќе постоечките родови јазови и другите општествени нееднаквости во државата и колку носените мерки биле адекватни или како истите влијаеле на ова продлабочување. И претходните искуства, во услови на кризи, веќе покажале дека групите на луѓе кои се маргинализирани, дискриминирани или опресирани се првите кои претрпуваат последици. Токму затоа, неопходно е вклучување на родовата перспектива и пристапот заснован на човекови права при креирањето на кризните мерки, со цел да се заштити населението кое е прво на удар. Ова подразбира дека е потребно да се овозможи простор за родова анализа која ќе придонесе кон родово-сензитивни мерки,  за што ни се неопходни родово-разделени податоци од сите области на општественото живеење.

Анализата ги опфаќа состојбите и периодот од 11 март до крајот на јуни, 2020 година, вклучително и вонредната состојба и носените мерките  од страна на државата, низ призмата на родовата перспектива. Со цел да се направи систематски опфат, анализирани се четири сектори, односно области, кои се најрелевантни и најзасегнати од кризата предизвикана со Ковид-19: здравство, економија, социјална заштита и родово-базирано насилство. Дополнително, опфатени се и два примери како студија на случај од Македонија, добри практики во однос на справувањето со родово базирано насилство  во услови на криза во другите земји, и конечно препораки за понатамошно креирање на кризни мерки и излез од кризата.



[4] Влада на РСМ. „Од 23-тата Владина седница: Донесена Одлука за постоење на кризна состојба во траење од 30 дена, почнувајќи од денеска". Достапно на: https://vlada.mk/node/23294

При секој преглед на конкретниот сектор, даден е увид со податоци за фактичката состојба во државата во таа област и потоа утврдени се можните ризици од кризата, имајќи ги предвид владините мерки, како и досега познатите ефекти од кризата врз продлабочувањето на родовите (не)еднаквости.

Сѐ уште нема доволно официјални податоци за вистинскиот „удар“ на кризата врз најмаргинализираните групи луѓе и врз напредокот на родовата еднаквост во државата. Сепак, преку веќе достапни информации во медиумите, извештаи на организации од граѓанскиот сектор, достапни национални статистики, како и наши согледувања на терен, анализата покажува дека и оваа криза ги продлабочи социјалните јазови меѓу граѓаните, особено ако се гледа преку призмата на родовата еднаквост и интерсекцискиот пристап.

# Здравствена заштита и пристап до здравствени услуги

Жените и мажите во С. Македонија се соочуваат со различни проблеми кога станува збор за пристапот до здравствените услуги, нивниот квалитет и животните навики кои влијаат на здравјето. Уште пред појавата на Ковид-19, во државата постоеше значаен родов јаз во секторот здравство и (воопшто) ограничен пристап до квалитетни здравствени услуги за сите.

Според Националниот индекс за родова еднаквост, во доменот на „Здравје", С. Македонија се наоѓа нешто под просекот на ЕУ и ја поставува земјата на средина во споредба со останатите земји членки. Сепак, овој индекс покажува дека жените во државата се чувствуваат помалку позитивно во однос на нивното здравје и имаат помал пристап до медицински прегледи споредбено со мажите, додека мажите генерално имаат навики кои полошо влијаат на здравјето.[5] Дополнително, според Глобалниот индекс на родов јаз, во полето на „Здравје и опстанок", нашата држава во 2020 година рангира на 89 место од вкупно 153 држави.[6]

Поконкретно, жените во С. Македонија немаат целосен пристап до гинеколошки услуги, а ова е уште повидливо кога станува збор за жени Ромки, жени од руралните средини, жени со попреченост и жени со понизок социјален статус.[7] Во 45 општини во државата нема гинеколог, а според проценките недостасуваат 158 гинеколози од примарна здравствена заштита.[8] Ова ги прави жените поизложени на ризик од различни видови болести на репродуктивните органи, квалитетна и безбедна бременост, квалитетен сексуален живот и планирање семејство. Ракот на грлото на матката е трет најчест вид рак и 5-та водечка причина за смрт кај жени од 15-44 години.[9] Стапката на перинатална смртност во државата е двапати повисока од просекот на ЕУ, а стапката на смртност на доенчиња дури трипати повисока.[10] И покрај сето ова, државата троши 6.7% од

[5] Башевска, Марија. 2019. Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2019: мерење на родовата еднаквост. Скопје: UNDP-UN Women. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_MK_01.pdf
[6] World Economic Forum. 2020. Global Gender Gap Report 2020. WEF: Geneva. Available at: http://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2020.pdf
[7] ХЕРА. 2020. Извештај за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права во националните политики на РСМ. Достапно на: https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/02/PolicyBrief_MK_compressed.pdf
[8] ЕСЕ. 2018. И по седум години со воспоставувањето на организиран скрининг на карцином на грло на матка, жените се соочуваат со огромни проблеми во пристапот до гинеколошка здравствена заштита и бесплатен скрининг. Достапно на: https://bit.ly/2xHk7Ox
[9] ХЕРА. 2020. Извештај за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права во националните политики на РСМ. Достапно на: https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/02/PolicyBrief_MK_compressed.pdf
[10] Ibid.

БДП за здравство, што е тренд на намалување во споредба со годините наназад.[11]

Оттука, произлегува дека во услови на здравствена кризна состојба, жените би биле уште поизложени на ризик и би имале помал пристап до потребните здравствени услуги. Од една страна, дури 74% од вработените во здравствениот сектор во РСМ се жени.[12] Тоа значи дека се директно изложени на вирусот и можноста од заболување. Истовремено, жените се доминантно инволвирани во грижа за негување на деца и возрасни на кои им е потребна поддршка; 72,5% од неплатената грижа во државата ја вршат жени.[13] Ова дополнително ги изложува на директен ризик од вирусот, бидејќи се грижат за оние кои се потенцијално заболени и во домот.

Од друга страна, пристапот до здравствени услуги во услови на пандемијата со Ковид-19 е ограничен на сите заради пренамена на ресурсите за борба против вирусот, но пред сè на жените и ранливите категории на граѓани. На пример, и во услови пред појавата на пандемијата, дури 67% од луѓето со попреченост не користеле здравствени услуги.[14] Моменталната ситуација на терен укажува на тоа дека состојбата е влошена. Најранливите групи на луѓе, како што се бремени жени, лица без соодветни документи за идентификација, лица од маргинализирани заедници, лица со попреченост, лица во загрозена социо-економска состојба, сега се наоѓаат во уште потешка и комплицирана положба.

На самиот почеток на пандемијата гинеколозите одбиваа да ги прегледаат бремените жени или тие самите не одеа/одат на преглед поради страв и недоверба во безбедноста на прегледот. Одредени родилишта беа затворени или се непристапни за жените од најпогодените региони, што ги изложува на зголемен ризик од мајчина смртност.[15] Во раните денови на пандемијата, во рок од неколку денови починаа две родилки.[16] Малиот број на патронажни сестри во услови на пандемија е уште поочигледен; „Очајно недостасува кадар за да може сите жени да добијат услуга и здравствена едукација. Најмалку се посетени жените од ромската заедница.“ [17]

---

[11] UNDP. Human Development Index 1990-2018. Data available at: http://hdr.undp.org/en/data
[12] МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 03.07.2019). Вработени во Република Северна Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/39EVa2X
[13] L. Addati, U. Cattaneo, V. Esquivel and I. Valarino. 2018. Care Work and Care Jobs for the Future of Decent Work. Available at: https://bit.ly/2KvAT5U
[14] USAID. 2019. North Macedonia: Gender Analysis Report. Avaliable at: https://bit.ly/2Vwu7TQ
[15] ХЕРА изјава за А1 ОН. „Хера: Владата да ги гарантира здравствените услуги за бремените жени“. 08.04.2020. Достапно на: https://bit.ly/2Y2u17W
[16] Канал 5. Март 2020. „На ГАК почина 37 годишна родилка од Охрид“. Достапно на: https://kanal5.com.mk/na-gak-pochina-37-godishna-rodilka-od-ohrid/a415882
[17] МРТ. Април 2020. „Патронажна служба во време на пандемија“. Достапно на: http://play.mrt.com.mk/play/39911

Оние жени кои немаат здравствено осигурување, како на пример голем дел од[11] жените Ромки, земјоделки, односно неплатени семејни работнички, се изложени на дополнителни здравствени трошоци во услови на голема економска криза. Пристапот до легален и безбеден абортус им е ограничен, а модерните начини за безбеден прекин на бременоста во домашни услови се сè уште недостапни во државата.  Во април, експертите предвидуваа дека дури до 44 милиони жени во 114 земји нема да имаат пристап до контрацепција доколку продолжат изолацијата и ограниченоста на услугите поради Ковид-19.[18] Ова ги изложува жените на ризични и несакани бремености, особено најранливите жени.[19]

Конечно, ранливите групи граѓани многу потешко може да си дозволат правилно применување на здравствените мерки за заштита од вирусот.[20] Недостигот на нормални санитарни услови, зголемувањето на цените и недостапноста на заштитна медицинска опрема (особено на почетокот на пандемијата) ги изложува на ризик токму луѓето кои имаат најмалку избор за сопствената егзистенција. Со уредбата од 22 април, 2020г., Владата на РСМ го направи носењето заштитни маски задолжително за сите во секој затворен простор и онаму каде е невозможно да се одржува потребната физичка дистанца од 2 метри.[21] Од крајот на октомври 2020г.[22] маските или друга прекривка за лице станаа задолжителни и за отворен простор. Одлуките беа флексибилни за тоа што сè може да се искористи како заштитна прекривка за лицето, но ниту уредбата ниту законската одредба не посветија внимание на обезбедувањето маски за работничките/ците кои треба да работат по минимум 8 часа со маска на лицето. Имено, останува на добрата волја на работодавачот да обезбеди континуирана и санитарна заштитна опрема за своите вработени. Доколку работодавачот не го стори тоа, работниците треба сами да изнаоѓаат решение, односно да изберат меѓу купување маски за лице, или домашна изработка на маски. Без разлика на изборот, трошокот на пари и време, во секој случај, паѓа на товарот на работниците.

---

[18] The Guardian. April 2020.  "'Calamitous': domestic violence set to soar by 20% during global lockdown". Available at: https://bit.ly/2yNK8vE
[19] UN WOMEN. 2019. Regional report on compliance with UN Convention on the Elimination of all Forms of Discrimination Against Women (CEDAW) and Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention) relating to discrimination of Roma women in the area of healthcare, child marriages and offering support and protection to Roma women in cases of domestic violence. Available at: https://bit.ly/3aB1yIW
[20] Милер, Стефан, Фикрија Таир, Башким Ибиши и Драган Грачанин. 2020. „Ромите – запоставените жртви на коронавирусот". На Окно.мк. Достапно на: https://okno.mk/node/83885
ХОПС. 2020. „Влијанието на COVID-19 врз заштитата на правата на жртвите на трговија со луѓе и експлоатација SOS: 0800 11111". Достапно на: https://bit.ly/3eWNSf0
[21] Службен весник на РСМ бр. 107/22 април 2020. „Уредба со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба". Стр. 5-6. Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/e42f3c8478524f1ab3aa12c2e21d05a1.pdf
[22] Сл. Весник на РСМ бр. 257/2020. „Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести"

Ова, заедно со веќе набројаните проблеми за пристапот до здравствени услуги и заштита, ги продлабочува веќе постоечките нееднаквости во областа на здравството во услови кога тие се најмалку потребни. Дополнително, ги продлабочува и класните разлики меѓу оние кои можат да си дозволат да го заштитат сопственото здравје и оние кои не можат.

# Економија: платена и неплатена работа

Северна Македонија ја дочека кризата со една од највисоките стапки на невработеност во Европа – тројно поголема од европскиот просек (РСМ, 17.3% споредено со ЕУ-27, 6.7%) и истовремено една од најниските стапки на вработеност (РСМ, 59.2% споредено со ЕУ-28, 73.9%).[23] Сепак, состојбите не се еднакво лоши за сите – за некои се полоши. Речиси 70% од мажите во државата се вработени во формалната економија, споредбено со 48,4% од жените, а ваквата разлика е повторно една од најголемите разлики во Европа (РСМ, 21.3% споредено со ЕУ-28, 11.4%).[24] Ако се разгледува според економскиот статус, мажите го сочинуваат мнозинството од работодавците (73,3%) и самовработени (78%), додека жените се мнозинството од неплатените семејни работници.[25]

Бројките на невработеност го потценуваат бројот на оние луѓе кои не се евидентирани како невработени или лица кои бараат работа, а де-факто се без платена работа; токму тука се наоѓаат најдлабоките родови јазови. Споредено со 37,7% од мажите, економски неактивни се 62,3% од жените во државата[26]; што значи дека повеќе од половина од жените на работоспособна возраст се изложени на ризик од сиромаштија и социјална несигурност. Ризикот е дотолку поголем со оглед на тоа што нивните права на бесплатна здравствена заштита, користење пензија или надоместок се непостоечки во услови на економска неактивност. Во оваа категорија пред сè, се вбројуваат оние кои и пред кризата „седеа дома“ за да се грижат за децата и домаќинството.

Според одредени проценки[27] минималната монетарна вредност на неплатената работа на жените во РСМ годишно е 119.8 милијарди денари што претставува 17.18% од износот на бруто-домашниот производ за 2019 година[28]. Податоците покажуваат дека состојбата со обемот на неплатена работа што ја извршуваат

[23] Eurostat. Table: Unemployment rate by sex for 2019. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tesem120/CustomView_1/table?lang=en
[24] Eurostat. Table: Employment rate by sex for 2019. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tesem010/default/table?lang=en
[25] Државен завод за статистка. 2020. Вработени според економски статус и пол, по години. Достапно на: https://bit.ly/345skZL
[26] Агенција за вработување на РСМ.2020. Годишен извештај за 2019 година. Достапно на: https://bit.ly/2Lv6Y1v
[27] Проценките се направени според методологијата елаборирана во: Revollo E., P. 2020. Time to Care: Unpaid and underpaid care work and the global inequality crisis. Methodology note. DOI: 10.21201/2020.5419
[28] Извор за номиналната вредност на БДП за 2019 година: Министерство за финансии на Република Северна Македонија (март 2020). Макроекономски индикатори. март 2020. Достапно на: https://finance.gov.mk/mk/node/401

жените во домот уште пред кризата со Ковид-19 беше алармантна. Имено, жените пред кризата извршуваа 72% од неплатената работа во домот поврзана со грижа за семејството и домаќинството.[29] Во еден работен ден, 71% од времето поминато во работа за мажите е платено, додека пак кај жените, 62% од времето поминато во работа е НЕплатено.[30] [31] Можеби е невообичаено да се зборува за работничките права на лицата вклучени во неформалната економија на грижа, иако токму мерките на рестрикција и затворањата на училиштата и градинките го направија „повидлив“ товарот на неплатениот труд на грижа.

На глобално ниво, 94% од работната сила е зафатена со мерки кои на некој начин го ограничуваат пристапот до работното место.[32] Иницијалните проценки дека 25 милиони работници ќе останат без работа заради кризата, иако начелно беа дадени како најцрното сценарио, после обновената евалуација на Меѓународната организација на трудот (МОТ) беа оценети како премногу оптимистични.[33] Проценката на МОТ дека редуцирањето на економската активност ќе биде еквивалентно на загуба на 195 милиони работни места за вториот квартал годинава се покажа навистина оптимистично.[34] Проценето е дека во првите три квартали од 2020 година, загубата на економска активност е еквивалентна на 495 милиони работни места.[35] Во однос на приходот на работничките и работниците, на глобално ниво има намалување од 10,7% во 2020 година споредбено со истиот период во 2019 година; или 5,5% од бруто домашниот производ за првите три квартали од 2019 година.[36]

Оценките за загубите од здравствената и социо-економската криза се менуваат постојано и никој не може да предвиди колкава дисрупција ќе предизвика КОВИД-19. Сепак врз основа на економетриски анализи и компарација на податоците за економската активност во реално време МОТ дава проценки кои економски сектори ќе претрпат највисоки загуби. Како најзагрозени се

[29] Jacques Charmes. 2019. The Unpaid Care Work and the Labour Market. An analysis of time use data based on the latest World Compilation of Time-use Surveys. International Labour Office – Geneva: ILO, 2019. Достапно на: https://bit.ly/3824AoA
[30] Државен завод за статистика. 2015. Анкета за користење на времето 2014/2015 година. Достапно на: https://bit.ly/2wQeX1H
[31] Jacques Charmes. 2019.The Unpaid Care Work and the Labour Market. An analysis of time use data based on the latest World Compilation of Time-use Surveys. International Labour Office – Geneva: ILO, 2019. Достапно на: https://bit.ly/3824AoA
[32] International Labour Organization. 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. Sixth edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_755910.pdf
[33] International Labour Organization. 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. 2nd Edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_740877.pdf
[34] Ibid.
[35] International Labour Organization. 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. Sixth edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_755910.pdf
[36] Ibid.

оценуваат секторите каде и пред кризата постоеле прекарни улови, неформална вработеност и незаштитени работнички права. Стравувањата дека кризата ќе ги продлабочи постоечките нееднаквости се остваруваат.

Според проценките на МОТ најзагрозени дејности од кризата предизвикана од КОВИД-19 се преработувачката индустрија (пр. текстилна и кожарска индустрија), трговијата на големо и мало, дејностите поврзани со хотелиерство, ресторани и недвижен имот, а за умерено-високо загрозени се оценети дејностите поврзани со транспорт и складирање како и индустриите поврзани со уметност и забава.[37] Жените и во државава и на глобално ниво се позастапени во секторите кои се најпогодени од кризата.

Во овие индустрии, севкупно во РСМ, се вработени 343 308 граѓани или речиси половина од вработените жени (47%) и нешто помалку од половина (44%) од вработените мажи[38]. Доколку се анализираат само економските сектори врз кои кризата има највисок економски импакт (според МОТ) и кои се соочуваат со најголеми загуби, ќе се заклучи дека засегаат 43.8% од вработените жени и 34.8% од вработените мажи во С. Македонија.



| ТАБЕЛА НА ВРАБОТЕНИ ВО ДЕЈНОСТИ РАЗДЕЛЕНИ ПО ПОЛ[39] | Вработени | | | Структура според дејноста, % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| Преработувачка индустрија | 150820 | 79087 | 71733 | 19.9 | 17.2 | 23.9 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 108726 | 60092 | 48634 | 14.3 | 13.1 | 16.2 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 30964 | 20787 | 10178 | 4.1 | 4.5 | 3.4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1330 | : | 1003 | 0.2 | : | 0.3 |
| **Вкупно** | **291840** | **159966** | **131548** | **38.5** | **34.8** | **43.8** |
| Транспорт и складирање | 39134 | 33881 | 5253 | 5.2 | 7.4 | 1.7 |
| Уметност, забава и рекреација | 12334 | 7513 | 4821 | 1.6 | 1.6 | 1.6 |
| **Вкупно** | **343308** | **201360** | **141622** | **45.3** | **43.8** | **47.1** |

[37] International Labour Organization. 7 April 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. 2nd Edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_740877.pdf

[38] Пресметките се правени врз основа на податоци од МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 29.05.2019). Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект и полот, по години, 2018 [database].Достапно на: https://bit.ly/2xjlTFc

[39] МакСтат База. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект, возраста и полот, по години. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/023_PazTrud_Mk_Sektori3_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Во С. Македонија секоја четврта (24%) од жените кои се вработени, работи во прекаријатот на преработувачката индустрија, каде една третина (32%) од вработените примаат плата пониска од минималната, а 86% имаат плата пониска од просечната. Во текстилната и кожарската индустрија – гранки на преработувачката индустрија – 80% од вработените се жени.

Во овие индустрии, сите деловни субјекти се во приватна сопственост и оттаму судбината на работничките и работниците е во рацете на профитерските интереси на сопствениците. Само во март 2020 година, Агенцијата за вработување во Охрид регистрирала масовно отпуштање на 3000 работнички и работници во фабрики кои се дел од текстилната и кожарската индустрија[40]. Дополнително, и покрај препораките за ограничување на движењето и за безбедно вршење на работата, под притисокот на работодавачите, дел од работничките и работниците продолжија да работат во услови на непочитување на мерките за физичка дистанца и носење заштитна опрема што директно ги доведува под прашање здравјето и безбедноста на овие работнички. За пример, на 1 јуни годинава беа затворени 5 фабрики[41] за преработка на текстил во кои работат приближно 500 работнички откако, поради непочитувања на мерките за заштита на населението од заразни болести, од страна на работодавачите, голем дел од работничките се заразиле со коронавирусот на работното место.[42]

Жените се позастапени и во дејности кои се сметаат за „есенцијални" во време на кризата и го ризикуваат своето здравје и безбедност вршејќи ја својата работа. Во прв ред се вработените во здравствена заштита од кои 74% се жени[43]. Овие жени во момент на криза работат на првите борбени линии, заедно со своите колеги мажи, иако според податоците од 2018 година, просечната плата на експертките од областа на здравството во просек е 40 процентни поени пониска од платата на стручњаците мажи од оваа област.[44]

Дополнително, 30% од вработените жени (споредено со 16% од вработените мажи) работат во индустрии и дејности кои се неопходни за преживување на

[40] Алсат. Март, 2020. „Охрид, зголемен број отпуштања од работа поради ковид-19". Достапно на: https://bit.ly/3n2mJe2 Последно пристапено: март, 2020.
[41] Пред 1ви јуни, една фабрика веќе беше затворена поради случаи на ширење на инфекцијата меѓу вработените.
42] Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf
[43] МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 03.07.2019). Вработени во Република Северна Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/39EVa2X
[44] Пресметка на Реактор, за неприлагоден јаз во заработувачката врз основа на податоците за просечна бруто-заработувачка од час за октомври 2018 година, од Државен завод за статистика (24 декември 2019). Соопштение-Структура на заработувачката на вработените, 2018 година. Достапно на: https://bit.ly/3flc0Z0

кризата, како производство на прехранбени производи, работа во супермаркети и продавници, работа во банки и други финансиско услужни дејности, производство на фармацевтски производи и препарати, како и дејности на здравствена заштита (докторки, медицински сестри и други здравствени работнички).[45] Во периодот на криза се хероизира посветеноста на работничките во услужни дејности, супер-маркети и продавници, но нема официјални податоци колку од овие работнички работат со минимални примања, без здравствено и социјално осигурување, на краткорочни несигурни договори, без надомест за прекувремено работење и викенди, директно изложени на зголемен ризик од заболување со вирусот. Неизвесно е и како овие работнички стигнуваат навремено и безбедно до работните места имајќи предвид дека жените во нашата земја поретко користат сопствено возило за превоз споредено со мажите[46], а во време на ваква состојба јавниот превоз е редуциран или особено ризичен за пренос на вирусот.

Оттука, очигледно е дека жените во државата се диспропорционално економски полошо засегнати од кризата споредено со мажите. Тие го носат и поголемиот финансиски товар – преку губење на работните места или намалување на платите – и товарот на неплатениот труд, водејќи грижа за домот, семејството и лицата заболени од Ковид-19. Сепак, економските пакет мерки на Владата од анализираниот период не ги зедоа предвид посебните потреби на жените кои работат во прекаријатот, ниту пак ги унапредија работничките права, воопшто.

До втората половина на месец мај, Влада усвои три пакет мерки со цел да понуди финансиска поддршка за претпријатијата и навидум нивните вработени.[47] Со првите два пакети беа распределени државни средства за да се загарантира ликвидноста на микро, мали и средни компании, како и средства за исплата на плати со субвенционирање на придонесите на вработените во секторите погодени од кризата.[48] Субвенциите важеа за месеците април и мај во висина од 50% од просечната плата за 2019г., а еден од условите беше компаниите да не го намалат бројот на вработени, сè до денот на користење на мерката, под бројот

[45] Пресметките се правени врз основа на податоци од МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 03.07.2019). Вработени во Република Северна Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/39EVa2X
[46] Во 2016 година, 72% од сопствениците на моторни возила се мажи, додека само 12% се жени. Оваа состојба е непроменета и во 2017 година. Пресметките се правени врз основа на податоци од Министерството за внатрешни работи, добиени со барање за пристап до информации од слободен карактер.
[47] Влада на РСМ. 17 мај, 2020. „Од 54-тата седница на Владата: Усвоен третиот пакет економски мерки за нова развојна македонска економија, стимулирање на потрошувачката и промоција на домашната понуда". Достапно на: https://vlada.mk/node/21426
[48] Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf

на вработените во месец февруари 2020 година.[49] И покрај оваа мерка, како што беше посочено погоре со примерот за фабриките во Охрид, во целиот период беа регистрирани масовни отпуштања од работа. Според податоците на Агенцијата за вработување, во периодот од 11 март до крајот на август, 2020 година, вкупниот број невработени лица во државата по основ на прилив од работен однос изнесувал 12.580 лица.[50]

Едни од позначајните економски мерки донесени со третиот пакет на Владата, беше повторно субвенционирањето на плати и паричен надомест за сите кои изгубиле работа во периодот од 11 март – 30 април 2020г., без разлика на начинот на раскинување на договорот за вработување.[51] Мерката за исплатата на плати овој пат предвидуваше дека работодавачите кои ја користат мерката, не смеат да го намалат бројот на вработените до септември 2020г.[52], што подоцна се смени во јули 2020г.,[53] кратејќи два месеци потенцијална заработувачка на нечија работничка сметка. Во меѓувреме, Владата направи обид да отиде чекор понатаму и сепак да дозволи отпуштања до 15% од вкупниот број на вработени, иако во мај оваа мерка беше заменета и изоставена.[54]

И покрај тоа што дел од економските мерки беа промовирани како поддршка за работничките и работниците и намалување на ризикот од отпуштање на работа, мерките често беа злоупотребувани од страна на работодавачите и не завршуваа кај оние на кои им биле наменети. Во месец мај, Управата за јавни приходи објави податоци колку од средствата доделени на работодавачите за исплата на плати биле навистина исплатени на работниците. Податоците покажуваат дека повеќе од 280 работодавачи што примиле вкупно 162.413 евра, не ја испочитувале обврската за исплата на плати на 722 вработени. Во мај, уште 984 вработени не биле исплатени, иако нивните работодавачи добиле субвенции субвенции од 222.430 евра.[55] Голем дел од работодавачите, исто така,

[49] Ibid.
[50] Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Август, 2020. „Преглед на евидентирани лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија". Достапно на: https://bit.ly/3mcGdLV
[51] Министерство за труд и социјална политика. Шкријељ: Сите што останале без работа од 11 март до 30 април, да аплицираат за паричен надоместок во Агенцијата за вработување. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-shkrijelj-site-shto-ostanale-bez-rabota-od-11-mart-do-30-april-da-apliciraat-za-paricen-nadomestok-v.nspx
[52] Службен весник на Република Северна Македонија бр.93/2020. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година".
[53] Службен весник на Република Северна Македонија" бр.111/2020. „Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година".
[54] Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf
[55] Ibid.

не ја исплатиле целосната сума и исплаќале плати под минималната[56]. Конечно, голем дел од работодавачите ги отпуштија своите вработени веднаш по завршувањето на мерката за субвенционирање на плати, покажувајќи ја на дело неефикасноста на економските мерки и во заштитата на работните места, и во опстанокот на малите и средните претпријатија.

[56] Управа за јавни приходи. Јули, 2020. Анализа на искористеноста на мерката за финансиска поддршка за исплата на плата за април и мај 2020. Достапно на:
http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/808

# Социјална заштита

С. Македонија е земја на социјални нееднаквости. Според податоците на Министерството за финансии (МФ), најбогатиот 1% од граѓаните заработуваат 14,4 пати повеќе од просекот[57] - социјален диспаритет кој е рекорден споредено со земјите на Европската Унија. Во нашата земја, 41% од граѓаните се во ризик од сиромаштија или социјална исклученост што е речиси двојно поголема стапка споредено со просекот за Европската Унија (ЕУ28 -21.8%).[58] Според официјалната статистика 15.1%[59] од граѓаните живеат во живеалишта со покрив што протекува или со искршени и оштетени прозорци, а меѓу граѓаните кои живеат под прагот на сиромаштија, 3.9%[60] немаат санитарни услови, додека 37.7%[61] немаат можност за соодветно затоплување на домот. Според проценките, 228 000 жени и 227 000 мажи во РСМ се под ризик од сиромаштија.[62]

Припадноста на одредени социјални групи дополнително го зголемува ризикот од сиромаштија и социјална исклученост. Јавните институции и услуги сè уште во голема мера не се прилагодени на потребите на лицата со попреченост,[63][64] а за посебниот фонд на АВРСМ за вработување на лица со попреченост се одвојуваат само 10% од потсметката на Агенцијата[65]. Под ризик од сиромаштија и социјална исклученост се и 78.4%[66] од еднородителските семејства со малолетни деца, а иако беше најавуван, државата сè уште не обезбеди фонд кој ќе им гарантира навремена исплата на законската издршка (алиментација) во случај кога истата е задоцнета или затајува.

[57] Министерство за финансии. 2018. „Воведување праведен данок во Република Македонија". Достапно на: https://bit.ly/2T5cVmJ
[58] Eurostat (Last data update: 16/04/2020). People at risk of poverty or social exclusion, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/2W0JOml
[59] МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 13.01.2020). Одржлив развој, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/3bwn7Lr
[60] Ibid.
[61] Ibid.
[62] Eurostat (Last data update: 16/04/2020). At-risk-of-poverty rate by poverty threshold, age and sex - EU-SILC and ECHP surveys, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/2xDjnKe
[63] Кочоска, Е., Шавревски, З., Јованова, В. И Лазовски, В. 2017. Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3dXr7X5
[64] Попоска, Ж., Шавревски, З., и Кочоска, Е. 2015. Холистички извештај за лицата со попреченост во Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3dEXZ6y
[65] Агенција за вработување на Република северна Македонија. 2020. Годишен извештај за 2019 година. Достапно на: https://av.gov.mk/content/%D0%94%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202019.pdf
[66] Eurostat (Last data update: 06/05/2020). People at risk of poverty or social exclusion by income quintile and household type, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/3ctcFpf

Дел од Ромите сè уште се соочуваат со системски бариери и повеќекратна дискриминација во пристапот до јавните услуги и во обидот да си ги остварат правата на социјална заштита[67], а искористеноста на активните мерки и програми за вработување е особено ниска меѓу жените Ромки[68].

Најмаргинализираните меѓу нив, сè уште живеат во импровизирани живеалишта. Здравствената криза повеќекратно ја потврди маргинализираноста на социјално обеспravените, кои немаат услови да ги применуваат ниту основните мерки за одржување хигиена, физичка дистанца и самоизолација, а граѓанските организации во повеќе наврати реагираа за ненавременото постапување.[69] Првите заразени семејства во Општина Шуто Оризари живеат во супстандардни услови, без вода и канализација и без електрична енергија, во импровизирани живеалишта.[70] Во обид да си ги остварат правата од социјална заштита, и во кризниот период, Ромите се соочуваат со интензивирана дискриминација; имено, дел од нив беа усно одбивани од вработените во Центрите на социјална работа со што беа лишени од правото на формална жалба.[71]

Системот за социјална заштита на РСМ предвидува право на парична помош, социјални услуги и мерки на социјална заштита, кои треба да ги зајакнат граѓаните што живеат во сиромаштија или се во ризик од социјална исклученост. Кризата предизвикана со Ковид-19 покажа дека системот на социјална заштита не може да го ублажи ризикот за граѓаните кои беа социјално обесправени уште во пред-кризниот период, а реформите не донесоа систем кој е доволно флексибилен за да ги опфати и граѓаните кои пред кризата не биле во ризик и граѓаните кои биле надвор од формалната мрежа на социјалната заштита.

[67] Реактор-Истражување во акција. 2018. Правните потреби на Ромите во Република Македонија- Патишта до правда.
[68] На пример, во 2018 година, вкупно 163 Ромки користеле мерки за вработување (48% од нив на возраст до 29 години), а во спроведената анкета на Ромки од Скопје, 98% од анкетираните Ромки изјавиле дека никогаш не користеле мерки и услуги за вработување, главно заради неинформираност и недоверба во институциите, но и заради трошоците кои се врзуваат за евиденција во системот (пример месечно пријавување во центрите на АВРСМ, несензибилизиран третман од вработените и сл.). Види: ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување (2019). Ситуациска анализа за состојбата на Ромките на пазарот на трудот и искористеноста на активните мерки и услуги за вработување. Достапно на: https://bit.ly/35YbTOs
[69] Хелсиншки комитет за човекови права. „(Не)одговорноста на институциите за најранливите граѓани во услови на криза“. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/soopshtenie_reakcija-za-neodgovornost-na-instituciite-za-ranlivite.pdf
[70] Фондација отворено општество Македонија. „Барања и препораки испратени до надлежните институции за преземање итни мерки за заштита во услови на криза и вонредна состојба“. Достапно на: https://bit.ly/3bwR8Lc
[71] Институт за истражување и анализа на политики-Ромалитико. 2020. „Реакција во однос на Мерката Гарантирана Минимална Помош“. Достапно на: https://bit.ly/3bsoACh

За време на вонредната состојба која траеше од 18 март до 22 јуни 2020г. [72], примената на Законот за социјалната заштита за време на вонредната состојба, беше регулиран со две уредби [73] [74], на Владата со кои се предвиде олеснување на критериумите за правото на гарантирана минимална помош (ГПМ) и олеснување на обврските за обновување на дел од правата за социјална заштита за време на траењето на вонредната состојба[75]. Едно од клучните олеснувања предвиде правото на ГПМ да биде остварливо и за домаќинства чиј член е избришан од евиденцијата на невработени лица заради нередовно пријавување. Како релевантни мерки на Владата може да се именуваат и уредбата за запирање на Законот за извршување до крајот на јуни 2020г.[76], со која се предвиде намалување на ратата и репрограмирање на кредитите кај финансиските друштва и лизинг компаниите[77] - дел од кои даваат брзи онлајн кредити кои се „привлечни" за сиромашните граѓани. Тука беа и мерките на Владата кои се однесуваат на продолжување на породилното отсуство и овозможување на платено отсуство од работа за родители на деца до 10 години, лица со хронични состојби и лица со попреченост до истекот на времените мерки за заштита од ширење и превенција од Ковид-19.

И покрај овие мерки, беше очигледно дека системот потфрли.[78] Третирајќи ја сиромаштијата преку приходите на домаќинството, системот сѐ уште не го

---

[72] Со исклучок на периодот од 13 до 16ти јуни. Види: Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf

[73] Службен весник на РСМ, бр: 89/20. Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба. Досатапно на: https://bit.ly/3bRpTff

[74] Службен весник на РСМ, бр: 108. „Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба". Достапно на: https://bit.ly/2KJzatO

[75] Во поглед на критериумите за ГПМ, материјалната необезбеденост на домаќинствата се оценува само од последниот месец, наместо од претходните три, и како имот од кој домаќинството може да се издржува не се смета стан во кој корисникот живее, моторно возило постаро од пет години и градежно земјиште помало од 500 м2. Корисниците на минимална гарантирана помош ќе продолжат да примаат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси до септември 2020 година, во износ од 1.000 денари (законски им следува до март), а корисниците на образовниот додаток продолжуваат да ја користат помошта во износ од 700 денари по дете во основно образование и 1.000 денари по дете во средно образование, без да мора да доставаат потврда за редовност (со оглед на тоа што се затворени училиштата). Како дополнителни олеснувања кои се наметнуваат како нужни се и релаксирање на обврската за редовно пријавување до АВРСМ за задржување на правото на ГПМ и одложувањата (за два месеци по траењето на вонредната состојба) на регуларните процедури за обновување на правото на надоместок заради попреченост и надоместок заради помош и нега од друго лице.

[76] Службен весник на РСМ, бр: 86/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за извршување за време на вонредна состојба.„ Достапно на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/60ced587455e45acb9427d381fcebee6.pdf

[77] Службен весник на РСМ, бр: 90/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба". Достапно на: https://bit.ly/2Lqnmgx

[78] Хелсиншки комитет за човекови права. „(Не)одговорноста на институциите за најранливите граѓани во услови на криза". Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/soopshtenie_reakcija-za-neodgovornost-na-instituciite-za-ranlivite.pdf

препознава ризикот од сиромаштија и социјална несигурност на носителките на неформалната економија на грижа, кои не остваруваат никаков индивидуален приход и се под постојан ризик од економско насилство. Според процените на официјалната статистика, 227 711[79] жени или 27.14% од жените на работоспособна возраст се водат како домаќинки. Поради тоа што овие жени се третираат како економски неактивни, долгогодишно се лишуваа и од можноста да бидат носители на релевантните права на парична помош од социјална заштита и од пристапот до активни мерки за вработување.

Според достапните податоци на Државниот завод за статистика, 71.7% од носителите на правото на социјална парична помош[80] се мажи, иако речиси половина (44.5%) од членовите на домаќинствата кои се социјално обесправени се жени[81] и во најмала рака подеднакво го споделуваат товарот што го носи едно социјално загрозено семејство. Жените во овие домаќинства се економски зависни и се доведува во прашање колку системот може да ги поддржи доколку се соочуваат со економско, психолошко, физичко или сексуално насилство. Еднократната парична помош за жртвите на семејно насилство изнесува до 15000 денари[82]; и дури и да се информирани жртвите за постоењето на правото, се поставува прашањето дали средствата се доволни за финансиски да се издржи напуштањето на насилникот. Притоа, само 2% од жените жртви на семејно и родово-базирано насилство го пријавуваат насилникот во полиција[83]; а системот сè уште не нуди доволна финансиска поддршка за овие жени да ја надминат економската зависниот од насилникот.

По затворањето на градинките и училиштата на почетокот на март 2020 година, и под закани за оптовареност на системот на здравствена заштита, кризата го направи видлив обемот на неплатената работа на грижа, но системот остана игнорантен. Податоците покажуваат дека и покрај навидум сензитивната мерка на Владата за ослободување од работа на еден од родителите на деца до 10 години, во најголем број, оваа мерка ја искористиле жени[84]. Како и пред кризата, така и за време на кризата, жените без разлика дали се вработени или не, го носат товарот на грижата за домот и семејството што во суштина е недоволна

[79] Државен завод за статистика (2018). Анкета за работната сила. Достапно на: https://bit.ly/2vo5RJ7
[80] Со новиот Закон правото е применувано како право на гарантирана минимална помош.
[81] Државен завод за статистика (2019). Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2018. Достапно на: https://bit.ly/2yNprAv
[82] Службен весник на РСМ, бр. 104/19, 146/19 и 275/19. „Закон за социјална заштита". Достапно на: https://bit.ly/2zFtn66
[83] Организацијата за безбедност и соработка во Европа (2019). Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија. Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://bit.ly/387TZZ8
[84] Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf

работа во областа на родовата еднаквост и економија на грижата, и проблем на кој не е обрнато внимание во државата, кој кризата дополнително го прошири.

Владата исто така предвиде мерка со која предвидува субвенционирање на вработените за сопствена сметка[85] од кои 82%[86] се мажи, но повторно ги изостави неплатените семејни работнички како нерегистрираните земјоделки и други работнички на семејни имоти, со што голем дел, особено рурални жени и во ситуација на криза, остануваат без приход и се социјално несигурни. Како работнички и работници кои исто така се дел од неформалната економија, а беа директно погодени од мерките за рестрикција на движењето, се и неформалните собирачки и собирачи на пластика, железо и хартија, продавачките и продавачите на текстилни или зелени пазари. Дел од нив никогаш не биле регистрирани во АВРСМ, а овие работнички и работници не беа ниту спомнати со мерките за „брз“ влез во системот за социјална заштита имајќи предвид дека во првиот период на кризата сè уште важеше стариот Правилник кој претпоставува потенцијалните корисници да обезбедат повеќе документи за потврда за да можат да аплицираат за остварување на правото. Собирањето на овие документи е исклучително тешко за овие луѓе, особено за време на пандемија, па остана нејасно дали тие биле успешно опфатени со „брзиот“ начин за влез во системот.

Преку начинот на кој беше промовирано правото на ГМП, во јавноста настанаа забуни дека сите граѓани кои изгубиле работа ќе добијат паричен надомест како ГМП, иако дел од граѓаните во суштина беа квалификувани за паричен надомест во случај на невработеност доколку ја изгубиле работата преку отказ од страна работодавачот. Заради ваквата конфузност, граѓаните во време на мерки за рестрикции на движењето беа преупатувани од АВРСМ до Центрите на социјална работа, без јасна насока каде можат да си го остварат правото и за кои права се квалификувани.

Сè уште не постои официјална бројка колку работнички и работници беа отпуштени со спогодбени откази или подметнати „бланко“ изјави за прекин на работниот однос. Само во Хелсиншкиот комитет за човекови права, која што не е државна институција со мандат за пријави на прекршување на работнички права, биле пријавени отпуштања на преку 300 работници преку принудни спогодби во периодот од 10ти март до 30 јуни.[87] Ваквите прекршувања се особено

[85] Службен весник на РСМ, бр: 92/20. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од корона вирусот COVID-19 за време на вонредна состојба“. Достапно на: https://bit.ly/2WaVkKW
[86] Државен завод за статистика. 2018. Анкета за работната сила. Достапно на: https://bit.ly/2vo5RJ7 (заокружено без децимали)
[87] Хелсиншки комитет за човекови права. 2020. Работнички права во време на коронавирусот. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/infografik7-mk.pdf

регистрирани во текстилната индустрија каде 80%[88] од вработените се жени. Овие работнички во првите месеци од кризата беа „изоставени“ од првичните мерки на Владата и не им следуваше индивидуален надомест во висина од 50% од нето платата согласно постојната законска регулатива[89 90]. По реакциите на граѓанските организации Владата донесе Уредба која предвидува семејствата на овие граѓани да можат да аплицираат за ГПМ, меѓутоа ваквото решение беше проблематично затоа што можноста за остварување на правото на ГПМ се оценува врз основа на материјалната депривираност на домаќинството, не на поединецот и дел од овие работнички и работници повторно не успеаја да си ги остварат своите права поради строгите критериуми за ГПМ.[91]

Со третиот сет мерки, Владата конечно донесе уредба[92] со која и работничките и работниците кои изгубиле работа спогодбено или со давање на писмена изјава во периодот од 11 март 2020 година до 30 април добиваат паричен надоместок во висина од 50% од нивната месечна нето плата, но само за два месеци, а не зависно од стажот како што е за другите невработени кои биле отпуштени од работа согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.[93]

Владата исто така предвиде Уредба за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба.[94] Ваквите картички и помош продолжија да се користат и по завршувањето на вонредната состојба кога

[88] Пресметките се правени врз основа на податоци од МакСтат база на податоци (Последно ажурирање, 03.07.2019). Вработени во Република Северна Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/39EVa2X
[89] Службен весник на Република Македонија, бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14,56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19. „Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност“.
[90] Службен весник на РСМ, бр: 89/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба“. Достапно на: https://bit.ly/3bRpTff
[91] На пример текстилна работничка, која потпишала спогодбен отказ нема да добие ГПМ ако живее во заедница со свекорот кој поседува нива со дозвола за градба поголема од 500м2.
[92] Службен весник на РСМ, бр: 136/20. „Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба“. Достапно на: shorturl.at/czO46
[93] Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14,56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.124/19. „Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност“.
[94] Службен весник на РСМ, бр: 137/20. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба“. Достапно на: shorturl.at/givAP

стана јасно дека рокот за искористување на картичките – 31 јули – не беше доволен ниту за издавање на картичките, со оглед на релативно сложениот процес на аплицирање и добивање на картички. Дополнително, за да дознаат граѓаните дали се дел од листата на квалификувани за надомест, беше потребно да проверат преку својот ЕМБГ на посебно изработената дигитална платформа, со што повторно се наметна прашањето: дали најмаргинализираните граѓани имаа ресурси за дигитално користење на јавните услуги или беа повторно „заборавени“ од системот со што стануваат жртви на системска дискриминација? Дополнително во дефинираните категории на граѓани повторно беа изоставени лицата кои немаат работа, а не се регистрирани како активни баратели на АВРСМ.[95]

## Колку кризните мерки беа јасни, сеопфатни и применливи за крајните корисници

Целисходноста на кризните мерки може да се проблематизира и од аспект на нивната остварливост низ нејасните процедури и противречните толкувања од институциите:

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ**

**Случај 1**

*„Надлежните гарантираа брз влез во системот за социјална заштита за домаќинства кои останале без приходи. Дали системот за влез е брз ако треба да чекам два месеци за одлука?“ Марта* 31, Скопје.*

Марта од Скопје, 31 година, ни понуди сведоштво за нејзиното искуство со Центарот за социјална работа (ЦСР) во Скопје. На самиот почеток на месец април 2020г., веднаш по објавувањето на Уредбата за примена на законот за социјалната заштита за време

[95] Како граѓани со низок доход беа опфатени сите приматели на парична помош од правата на социјална заштита или невработени лица (кои за 2019 година оствариле годишен доход во нето износ не поголем од 180.000 денари и за периодот јануари-април 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 60.000 денари согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи) кои се регистрирани во АВРСМ и овие две категории на граѓани добија еднократен надомест од 9 000 денари на платежната картичка. Меѓу вработените, право на платежна картичка имаат оние со нето плата до 15 000 денари (вработени лица со низок доход“ се државјани на РСМ кои се во работен однос и кои за периодот јануари-април 2020 година оствариле доход само по основ на плата и надоместоци, на плата во нето износ не поголем од 60.000 денари на ниво на полно работно време, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи), додека младите на возраст од 16 до 29 години имаа право на надомест само ако се во формално образование (средно или на додипломски студии). Овие две категории граѓани имаа право на еднократен надомест од 3 000 денари.

на вонредна состојба[96], таа аплицирала за остарување на правото на гарантирана минимална помош за месеците април и мај, 2020г. поради неостварување каков било приход за преживување. Поминал речиси цел месец, а таа немала добиено решение за нејзиниот случај. По остварување контакт за информација со ЦСР, ѝ било речено дека моментално не можат да вршат увид на терен за состојбата на живеење кој им е потребен за носење на вакво решение. Откако Марта кажала дека во уредбата гласи дека увидот за исполнетост на условите треба да се врши преку средства за електронска комуникација[97] и барала да знае кога да очекува решение, била препратена во МТСП. Оттаму ѝ рекле дека не се запознаени со уредбата во однос на законските рокови бидејќи за тоа е надлежен Центарот за социјална работа и доколку не е задоволна да поднесе писмена жалба до Министерството. По неколку дена, таа повторно се јавила во ЦСР барајќи одговор кога да очекува решение бидејќи месецот април истекувал. Препознаена од службеното лице во Центарот, овој пат добила одговор дека тие ќе одлучуваат за случаите во наредните 2 – 3 месеци, нема да вршат увид на терен за исполнување на условите и дека е најбитно да ги има поднесено сите документи, бидејќи на тој начин ќе можат да извршат селекција и да ги дисквалификуваат оние кои ја немаат целосната документација. За време на периодот од 2 месеци кога беа спроведени интервјуата што беа дел од студијата на случај, Марта уште немаше добиено одговор. Притоа, мора да се има предвид дека наспроти нејзините примања, нејзините животни трошоци не се намалуваат.

**Случај 2**

Ангела од Скопје, 34 години, ни раскажа за нејзиниот процес на аплицирање за паричен надомест во Агенцијата за вработување на РСМ (Агенцијата). Откако ја изгубила работата поради кризата, ден после одјавувањето, на почетокот на април, 2020г. отишла да се пријави во Агенцијата. Таму, преку формулар на Агенцијата, со пополнување на лични информации, го поднела барањето за паричен надомест. Приемен број, односно доказ дека поднела барање, не добила. Кога прашала како да се информира за процедурата ако нема приемен број ѝ било кажано дека ќе ја контактираат од Агенцијата. По 29 дена, неуспешни обиди да стапи во контакт со Агенцијата и немање сè уште решение за паричниот надомест, Ангела отишла повторно, физички, во Агенцијата да се информира. Таму ѝ било кажано дека го немаат во увид барањето поднесено на почетокот на април, и со намера да ѝ 'помогнат' ја натерале да поднесе ново барање. Овој пат, апликацијата била покомплицирана и барала дополнителни документи, за разлика од прво пат. После изложување на нови потешкотии и физичко обезбедување документи во услови на пандемија и ризик од ширење зараза, на Ангела ѝ било речено дека сега ќе се процесира барањето во наредните 30 дена и ќе добие решение за исходот по пошта. Тоа значи дека рокот за добивање решение почнал да тече од почеток, првичното барање не е земено предвид, а решението и потенцијалните средства ќе стигнат значително подоцна отколку што тоа го дозволуваат животните трошоци.

*Користени се измислени имиња со цел заштита на личните податоци

[96] Објавена во Службен Весник на РСМ бр. 89 од 03.04.2020г. Достапна тука: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/f983e808a26d4cdf9a7411080df910a8.pdf
[97] Член 5 од Уредба со законска сила за примена на законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба, Сл. Весник на РСМ бр. 89 од 3 април, 2020г

# Насилство врз жени и семејно насилство

Насилството врз жените и семејното насилство во С. Македонија се смета за често присутна, а сепак непријавувана појава. Според најновите податоци на национално ниво, дури 60% од жените сметаат дека насилството кон жените во државата се случува доста често и речиси една од 5 жени познава жена која била жртва на семејно насилство[98]. 14% од жените на возраст над 15 години во земјава биле жртви на физичко или сексуално насилство, а најчесто сторителот е сегашен или поранешен партнер[99]. Дури 30%, односно 3 од 10 жени, преживеале некаква форма на сексуално вознемирување[100]. Сепак, кога станува збор за пријави, бројките значително опаѓаат. Само 2% од жените кои биле сериозно повредени од својот партнер го пријавиле случајот во полиција[101]! Голем дел од жените во главниот град воопшто не би пријавиле случаи на родово-базирано насилство кај надлежните органи. Малку повеќе од половина, односно 52.2%, би пријавиле во полиција доколку се директно физички или сексуално нападнати[102].

Сето ова е видливо и од официјалните пријави на родово-базирано насилство во државата. За 2019 година, во МВР се пријавени 35 случаи на силување[103]. Во 2017 година биле пријавени 903 случаи на семејно насилство во кои 84% од жртвите биле жени[104]. За истата година биле пријавени 34 убиства на жени од кои 28 може да се сметаат за фемициди[105] [106]. Околу 80% од случаите на убиство се случиле во заедничкиот дом на жртвата и сторителот[107].

[98] OSCE. 2019. Well-being and safety of women: North Macedonia, Result Report. Достапно на: https://bit.ly/2zH7aF7
[99] Ibid.
[100]  ХЕРА. 2020. Извештај за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права во националните политики на РСМ. Достапно на: https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/02/PolicyBrief_MK_compressed.pdf
[101] OSCE. 2019. Well-being and safety of women: North Macedonia, Result Report. Достапно на: https://bit.ly/2zH7aF7
[102] Реактор - Истражување во акција. 2012. Истражување на опсегот на родово-базираното насилство врз жените и девојките на јавните места во Скопје. Достапно на: https://bit.ly/2KMEBbf
МВР. 2019. „Збирна анализа за вкупниот криминалитет по области и сектори во периодот од 2010 до 2019 година и споредбено 2017 и 2018 година во Република Северна Македонија“. Достапно на: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/55
[103] ХЕРА. 2019. Кои се инвестициите и минималните стандарди за заштита од родово засновано и семејно насилство? Достапно на: https://bit.ly/2KJnUOe
[104] Фемицид: убиство на жена со родово-базирана намера.
[105] Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. 2018. Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во РМ. Достапно на: https://bit.ly/2Ydhoan
[106] Ibid.
[107] OSCE. 2019. Well-being and safety of women: North Macedonia, Result Report. Available at: https://bit.ly/2zH7aF7

Најранливи од родово-базирано насилство се жените кои се економски зависни и доаѓаат од социо-економски загрозени семејства[108]. На овие жени најмногу им недостасува финансиска поддршка и засолништа за подолг временски период.[109] Тоа се токму оние потреби коишто државата одвај ги обезбедува и во нормални услови, а уште помалку во услови на кризата предизвикана од Ковид-19. С. Македонија има 4 засолништа за жртви на семејно насилство, раководени/финансирани од МТСП и 1 кризен центар управуван од граѓанска организација, а финансиски поддржан од МТСП.[110] За да ги исполнува меѓународните стандарди, пропишани со Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција), државата треба да отвори уште најмалку 8 засолништа и 1 кризен центар.[111] Недостатокот на овие служби значително ја отежнува ситуацијата на жртвите од насилство во услови на кризна состојба со која се пропишуваше карантин и полициски час речиси три месеци на почетокот на пандемијата.

Уште од почетокот на кризата со Ковид-19, многу организации и институции предупредуваа за ризикот од зголемување на семејното насилство поради затворањето на жртвата и насилникот на едно исто место.[112] Зголемување на насилството е генерално забележано и претходно во услови на кризни состојби.[113] Кризната состојба сама по себе не е директна причина за зголемување на насилството, вклучително и родово-базираното насилство. Слабите институционални механизми и досегашните вложувања на државата во заштитата и спречувањето на насилството врз жените, опишани и претходно, се главните проблеми кога станува збор за причините поради кои постои потенцијално зголемување на насилството кон жените.

Како што беше и претходно истакнато, најголемите потреби на жените жртви од насилство се економската независност и физичката безбедност. Поради здравствената и економска криза, овие жени во време на Ковид-19 ја губат мрежата на поддршка од специјализираните институции. Иако Министерството за внатрешни работи соопшти дека лицата што пријавуваат кривично дело нема да бидат санкционирани доколку се најдат надвор од домот за време на

[108] OSCE. 2019. Well-being and safety of women: North Macedonia, Result Report. Available at: https://bit.ly/2zH7aF7
[109] Ibid.
[110] ХЕРА. 2019. Кои се инвестициите и минималните стандарди за заштита од родово засновано и семејно насилство? Достапно на: https://bit.ly/2KJnUOe
[111] Ibid.
[112] European Institute for Gender Equality. 2020. "Coronavirus puts women in the frontline". Available at: https://bit.ly/2WaHJ68
The Guardian. April 2020. "'Calamitous': domestic violence set to soar by 20% during global lockdown". Available at: https://bit.ly/2yNK8vE
[113] WHO. 2005. Violence and Disasters. Available at: https://bit.ly/3bQ9NT2
Collins, Veronica. 2020. "How to reduce gender violence during the pandemic and beyond". Available at: https://bit.ly/2VKBVBp

полицискиот час[114], ова сепак се базира на претпоставката дека жените жртви ќе го пријават насилството. Релевантните податоци го сугерираат спротивното.

Освен прикажаното досегашно искуство со пријави на родово-базирано насилство, податоците од Советот на Европа за РСМ покажуваат дека во првото тримесечје од 2020година има 71 случај помалку пријави споредбено со истиот период во 2019г.[115] Сепак, и покрај незначајните промени во однос на директно пријавување на насилството во полиција, извештаите од терен покажуваат дека зголемување на семејното насилство во време на Ковид-19 постои.[116] Особено загрижувачки е тоа што најтешките форми на семејно насилство кои завршуваат фатално за жртвата, се исто така зачестени појави откако се воведени рестриктивните мерки. Во рок од две неполни недели, во С. Македонија се дозна за 2 случени фемициди[117] . Граѓанските организации, дополнително, предупредуваа дека по завршувањето на вонредната состојба, бројките на пријави на семејно и родово-базирано насилство ќе се зголемуваат и институциите нема да може да одговорат соодветно доколку не ги зголемат своите капацитети за справување со РБН[118]. Токму тоа и се случи. Според официјалните податоци, бројките на нови случаи на семејно насилство само за мај (174 ново евидентирани) и јуни (253) се поголеми од првата четвртина и на 2020 и 2019 година.[119]

Во услови на физичко дистанцирање заради зачувување на здравјето, од особена важност е начинот на кој функционираат центрите за згрижување на жртвите. Доколку тие не се доволни на број (како што е случајот во нашата држава) и постои ризик од натрупување, исто така постои ризик од ширење на заразата. Поради сето ова, мерките на државата за спречување на семејното, односно родово-базираното насилство, мора да се агилни и пропорционални на кризата. SOS-линиите за поддршка на жртви при насилство се важни и потребни, но не и доволни.

---

[114] МВР. Април, 2020. „За време на ограничувањето на движење не се санкционираат лицата што пријавуваат кривично дело“. Достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/11716
[115] CoE. 2020. “Promoting and protecting women’s rights at national level: Measures by Country”. Available at: https://bit.ly/2KGwuxd
[116] Xhorxhina Bami et al. БИРН. Април, 2020. „Ковид-19 и семејното насилство: кога домот не е најбезбедно место“ во BalkanInsight. Достапно на: https://bit.ly/2Z18kpt
[117] Хелсиншки комитет за човекови права. Мај, 2020. За многу жени, домот е небезбедно место – два случаи на фемицид во време на пандемија. Достапно на: https://bit.ly/3fM37b1
[118] Димушевска, Елена во интервју за ВидиВака. „Жртви на семејно насилство, за време на полициски час“ – 00:41. Достапно на: https://bit.ly/3dICL7R
[119] Податоците се доставени од страна на Министерството за труд и социјална политика преку Центрите за социјална работа. Достапни на: https://bit.ly/3lVcHdr и https://bit.ly/3lVcHdr

# Добри практики на државите во справување со родово-базираното насилство

Многу држави, препознавајќи го проблемот и ризикот од зголемување на родово-базираното насилство, презедоа (краткорочни) специфични мерки за заштита од спречување во време на кризната состојба. На пример:

- Франција алоцираше дополнителни 1 милион евра за превенција на семејно насилство и сервиси за поддршка на жртвите;[120]
- Италијанската и француската влада побараа од ЕУ експлицитно да издвои фондови за борба против семејното насилство во пакет-мерките доставени до државите членки; [121]
- Шпанија и Грција развија шифрирани зборови, кои може да се користат како безбедносни кодови на места како аптеки и супермаркети, за алармирање на случаи на насилство и брзо реагирање на надлежните служби; [122]
- Голем број на смарт-апликации и технолошки алатки беа развиени во разни делови од светот со цел да послужат како 'алармирачко копче' за брзо и безбедно пријавување насилство;[123]

Дополнително, Министерството за еднаквост на Шпанија разви целосен план за справување со потенцијалното зголемување на родово-базираното насилство кој вклучува и долгорочни мерки.[124] Планот содржи серија на стратешки и оперативни мерки кои ќе помогнат за минимизирање и контрола на негативните последици од кризната состојба врз родово-базираното насилство. На пример, предвидени се: национална кампања за кревање на свеста на граѓаните за поврзаноста на кризната состојба со родово-базираното насилство, гарантирано 24-часовно оперирање на сервисите за поддршка на жртвите, прирачник со одговори и прашања за помош на жртвите, и ред други мерки.

Ова се само дел од начините на кои различни држави во светот преземаат бројни мерки за да се справат со потенцијалниот ризик од родово-базирано насилство. Во многу земји веќе постои документиран раст на насилството врз жените и семејното насилство[125]. Нашата држава исто така мора да го препознае проблемот и ризикот, и да преземе функционални, пропорционални и ефективни мерки за справување со родово-базираното насилство во земјата.

[120] Collins, Veronica. 2020. “How to reduce gender violence during the pandemic and beyond”. Available at: https://bit.ly/2VKBVBp
[121] Ibid.
[122] Ibid.
[123] Ibid.
[124] Gobierno de España. 2020. Press Release: Ministry of Equality promotes a Contingency Plan against gender violence in the face of the COVID-19 crisis. Достапно на: https://rm.coe.int/covid-19-spain-document-1/16809e2e40
[125] Collins, Veronica. 2020. “How to reduce gender violence during the pandemic and beyond”. Available at: https://bit.ly/2VKBVBp

# Препораки

## Општи

- При процесот на изготвување и носење кризни мерки или мерки за олеснување на последиците од кризата со Ковид-19, да се земе предвид родовата перспектива, односно степенот на влијание кој мерките го имаат врз жените и мажите одделно;
- Сите аспекти кои ќе произлезат од проценатa за степенот на влијание кој го имаат мерките врз жените и мажите, да бидат искористени во насока на адаптација на мерките за да се постигне подобар ефект и да се намали дискриминацијата или исклучувањето на одредени општествени групи на граѓани;
- Да се обезбедат јавно достапни родово-разделени статистики за опфатот и искористеноста на владините мерки за заштита од, и поддршка во Ковид-19 кризата и истите да се користат за евалуација на донесените мерки, но и за информирање на мерките и политиките што ќе се носат во иднина;
- Редовно да се информираат граѓанските организации за состојбите со човековите права во однос на Ковид-19 во државата и да се консултираат при процесите на носење социо-економски мерки;

## Конкретни

- Да се овозможи задолжително и бесплатно здравствено осигурување на ранливите категории (на пр., за жените Ромки, земјоделки, неплатените семејни работнички), кои се изложени на зголемени трошоци во услови на здравствена и економска криза;
- Да се гарантира неограничен пристап до контрацепција, вклучително и до легален и безбеден абортус и да се утврди јасен протокол којшто ќе биде соодветно искомуницирaн со жените, со цел тие да имаат непречен и безбеден пристап до медицински прегледи;
- Задолжително да се обезбеди бесплатна заштитна медицинска опрема (маски, ракавици, дезинфектанти) за работничките и работниците кои работат за време на пандемијата и за оние кои се најизложени на вирусот;
- Субвенциите за исплата на плати да се префрлаат директно на сметка на работничките и работниците, наместо досегашната пракса на сметка на работодавачот, со оглед на многубројните злоупотреби кои беа официјално потврдени во поглед на оваа мерка;

- Државниот инспекторат за труд почесто да го користи своето овластување да поднесе кривична пријава против работодавачи кои сериозно го загрозиле здравјето на работниците;
- Да се прошират правата и услугите на социјална заштита со цел да се обезбеди индивидуален надомест и социјална сигурност на работничките од неформалната економија како нерегистрираните земјоделки и други неплатени семејни работнички, неформалните собирачки на отпад и продавачките на текстилни и зелени пазари, домаќинките и другите носителки на неформалната економија на грижа;
- Институциите треба да работат на подигање на јавната свест за важноста на еднаквото учество на жените и мажите во домашните обврски, особено во услови на зголемен обем на ваквите обврски, при работа од дома или школување на децата од дома;
- Да се обезбеди остварување на постојните и адаптираните права и јавни услуги со јасни насоки и олеснети процедури, достапни за сите, преку двоен пристап: од една страна преку дигитализирање на услугите, а од друга страна преку недигитално решение имајќи ги предвид групите луѓе кои немаат пристап до дигитални платформи и технологија, притоа запазувајќи ги без исклучок сите мерки за здравствена безбедност;
- Да се обезбеди здраворазумска и одржлива финансиска помош за жртви на семејно насилство, односно родово-базирано насилство (РБН);
- Да не се намалуваат/пренаменуваат фондовите од програмата за родова еднаквост, со оглед на тоа што ваквите одлуки може да имаат негативно влијание и врз жртвите од РБН;
- Да се отворат најмалку 8 засолништа и 1 кризен центар за жртви од семејно насилство до средината на 2021 година;
- Да се гарантираат санитарни и општо подобри услови во засолништата за жртви од семејно насилство кои овозможуваат почитување на мерките за заштита од КОВИД-19;
- Да се оформи план и процедура за отстранување на сторителите од домот и нивно згрижување во безбедносна куќа, сè додека (не) се утврди вина во судска постапка;
- Да се следат добрите практики од други земји и да се промовира и применува она што е функционално и ефективно и во нашата држава;

# Референци


- Агенција за вработување на РСМ.2020. Годишен извештај за 2019 година. Достапно на: https://bit.ly/2Lv6Y1v
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Август, 2020. „Преглед на евидентирани лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија“. Достапно на: https://bit.ly/3mcGdLV
- Алсат. Март, 2020. „Охрид, зголемен број отпуштања од работа поради ковид-19“. Достапно на: https://bit.ly/3n2mJe2 . Последно пристапено: март, 2020.
- Башевска, Марија. 2019. Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2019: мерење на родовата еднаквост. Скопје: UNDP-UN Women. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_MK_01.pdf
- Влада на РСМ. „Од 23-тата Владина седница: Донесена Одлука за постоење на кризна состојба во траење од 30 дена, почнувајќи од денеска“. Достапно на: https://vlada.mk/node/23294
- Влада на РСМ. 17 мај, 2020. „Од 54-тата седница на Владата: Усвоен третиот пакет економски мерки за нова развојна македонска економија, стимулирање на потрошувачката и промоција на домашната понуда“. Достапно на: https://vlada.mk/node/21426
- Влада на Шпанија/Gobierno de España. 2020. „Press Release: Ministry of Equality promotes a Contingency Plan against gender violence in the face of the COVID-19 crisis“. Достапно на: https://rm.coe.int/covid-19-spain-document-1/16809e2e40
- Гардијан/The Guardian. April 2020. “'Calamitous': domestic violence set to soar by 20% during global lockdown”. Достапно на: https://bit.ly/2yNK8vE
- Државен завод за статистика. 2015. Анкета за користење на времето 2014/2015 година. Достапно на: https://bit.ly/2wQeX1H
- Државен завод за статистика. 2018. Анкета за работната сила. Достапно на: https://bit.ly/2vo5RJ7
- Државен завод за статистика. 2019. Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица, 2018. Достапно на: https://bit.ly/2yNprAv
- Државен завод за статистка. 2020. Вработени според економски статус и пол, по години. Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__AktivnosNaNaselenie/031_PazTrud_Mk_EkStat1_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

- Државен завод за статистика. Декември, 2019. „Соопштение-Структура на заработувачката на вработените, 2018 година“. Достапно на: https://bit.ly/3flc0Z0
- ЕСЕ. 2018. „И по седум години со воспоставувањето на организиран скрининг на карцином на грло на матка, жените се соочуваат со огромни проблеми во пристапот до гинеколошка здравствена заштита и бесплатен скрининг“. Достапно на: https://bit.ly/2xHk7Ox
- Европски институт за родова еднаквост/European Institute for Gender Equality. 2020. “Coronavirus puts women in the frontline”. Достапно на: https://bit.ly/2WaHJ68
- Eurostat. Table: Employment rate by sex for 2019. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tesem010/default/table?lang=en
- Eurostat. Table: Unemployment rate by sex for 2019. Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/tesem120/CustomView_1/table?lang=en
- Eurostat. Last data update: 16/04/2020. People at risk of poverty or social exclusion, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/2W0JOml
- Eurostat. Last data update: 06/05/2020. People at risk of poverty or social exclusion by income quintile and household type, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/3ctcFpf
- Eurostat. Last data update: 16/04/2020. At-risk-of-poverty rate by poverty threshold, age and sex - EU-SILC and ECHP surveys, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/2xDjnKe
- International Labour Organization. 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. Sixth edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_755910.pdf
- International Labour Organization. 2020. ILO Monitor: COVID-19 and the world of work. 2nd Edition. Достапно на: https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---dgreports/---dcomm/documents/briefingnote/wcms_740877.pdf
- Институт за истражување и анализа на политики-Ромалитико. 2020. „Реакција во однос на Мерката Гарантирана Минимална Помош“. Достапно на: https://bit.ly/3bsoACh
- Jacques Charmes. 2019. The Unpaid Care Work and the Labour Market. An analysis of time use data based on the latest World Compilation of Time-use Surveys. International Labour Office – Geneva: ILO, 2019. Достапно на: https://bit.ly/3824AoA
- Канал 5. Март 2020. „На ГАК почина 37 годишна родилка од Охрид“. Достапно на: https://kanal5.com.mk/na-gak-pochina-37-godishna-rodilka-od-ohrid/a415882

- Колинс, В./Collins, Veronica. 2020. “How to reduce gender violence during the pandemic and beyond”. Допстано на: https://bit.ly/2VKBVBp
- Кочоска, Е., Шавревски, З., Јованова, В. И Лазовски, В. 2017. Анализа на состојбата на лицата со физичка попреченост во Република Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3dXr7X5
- L. Addati, U. Cattaneo, V. Esquivel and I. Valarino. 2018. Care Work and Care Jobs for the Future of Decent Work. Достапно на: https://bit.ly/2KvAT5U
- МакСтат база на податоци. Последно ажурирање, 03.07.2019. „Вработени во Република Северна Македонија според сектори и оддели на дејности по НКД Рев.2, по пол, по години, 2018“ [database]. Достапно на: https://bit.ly/39EVa2X
- МакСтат база на податоци. Последно ажурирање, 29.05.2019. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект и полот, по години, 2018 [database].Достапно на: https://bit.ly/2xjlTFc
- МакСтат база на податоци. Последно ажурирање, 13.01.2020. Одржлив развој, 2018 [database]. Достапно на: https://bit.ly/3bwn7Lr
- Милер, Стефан, Фикрија Таир, Башким Ибиши и Драган Грачанин. 2020. „Ромите – запоставените жртви на коронавирусот“. На Окно.мк. Достапно на: https://okno.mk/node/83885
- МВР. 2019. Збирна анализа за вкупниот криминалитет по области и сектори во периодот од 2010 до 2019 година и споредбено 2017 и 2018 година во Република Северна Македонија. Достапно на: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/55
- МВР. Април, 2020. „За време на ограничувањето на движење не се санкционираат лицата што пријавуваат кривично дело“. Достапно на: https://mvr.gov.mk/vest/11716
- Министерство за труд и социјална политика. Шкријељ: Сите што останале без работа од 11 март до 30 април, да аплицираат за паричен надоместок во Агенцијата за вработување. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-shkrijelj-site-shto-ostanale-bez-rabota-od-11-mart-do-30-april-da-apliciraat-za-paricen-nadomestok-v.nspx
- Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Март 2020. Макроекономски индикатори. март 2020. Достапно на: https://finance.gov.mk/mk/node/401
- Министертсво за финансии. 2018. „Воведување праведен данок во Република Македонија“. Достапно на: https://bit.ly/2T5cVmJ
- МРТ. Април 2020. „Патронажна служба во време на пандемија“. Достапно на: http://play.mrt.com.mk/play/39911
- Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. 2018. Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во РМ. Достапно на: https://bit.ly/2Ydhoan

- ОН Жени/UN WOMEN. 2019. Regional report on compliance with UN Convention on the Elimination of all Forms of Discrimination Against Women (CEDAW) and Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention) relating to discrimination of Roma women in the area of healthcare, child marriages and offering support and protection to Roma women in cases of domestic violence. Available at: https://bit.ly/3aB1yIW
- ОБСЕ/OSCE. 2019. Well-being and safety of women: North Macedonia, Result Report. Достапно на: https://bit.ly/2zH7aF7
- Организацијата за безбедност и соработка во Европа. 2019. Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија. Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://bit.ly/387TZZ8
- Петковска, Наташа. 2020. Преглед на владините мерки за превенција и заштита од коронавирусот и нивното влијание врз работничките права. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/overview_mk.pdf
- Попоска, Ж., Шаврески, З., и Кочоска, Е. 2015. Холистички извештај за лицата со попреченост во Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3dEXZ6y
- Реактор - Истражување во акција. 2012. Истражување на опсегот на родово-базираното насилство врз жените и девојките на јавните места во Скопје. Неда Коруновска: Скопје. Достапно на: https://bit.ly/2KMEBbf
- Реактор-Истражување во акција. 2018. Правните потреби на Ромите во Република Македонија- Патишта до правда. Марија Башевска: Скопје
- Revollo E., P. 2020. Time to Care: Unpaid and underpaid care work and the global inequality crisis. Methodology note. DOI: 10.21201/2020.5419
- Светска здравствена организација (СЗО)/World Health Organization (WHO). Timeline – WHO's Covid19 response. Достапно на: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/interactive-timeline#event-0
- Светски економски форум/World Economic Forum. 2020. Global Gender Gap Report 2020. WEF: Geneva. Достапно на: http://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2020.pdf
- Службен весник на Република Северна Македонија бр.68/2020. „Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба од 18.3.2020 година на Претседателот на Република Северна Македонија".
- Службен весник на РСМ бр. 107/22 април 2020. „Уредба со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба".

- Службен весник на Република Северна Македонија бр.93/2020. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година“.
- Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.111/2020. „Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година“.
- Службен весник на РСМ, бр: 92/20. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од корона вирусот COVID-19 за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ бр. 257/2020. „Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести“.
- Службен весник на РСМ, бр: 89/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ, бр: 108. „Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ, бр: 86/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за извршување за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ, бр: 89/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ, бр: 90/20. „Уредба со законска сила за примена на Законот за лизинг за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на РСМ, бр: 136/20. „Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба“.
- Службен весник на Република Македонија, бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14,56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.124/19. „Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност“.
- Службен весник на РСМ, бр: 137/20. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба“.

- Совет на Европа/ CoE. 2020. "Promoting and protecting women's rights at national level: Measures by Country". Достапно на: https://bit.ly/2KGwuxd
- УНДП/UNDP. Human Development Index 1990-2018. [database] Достапно на: http://hdr.undp.org/en/data
- Управа за јавни приходи. Јули, 2020. Анализа на искористеноста на мерката за финансиска поддршка за исплата на плата за април и мај 2020. Достапно на: http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/808
- УСАИД/ USAID. 2019. North Macedonia: Gender Analysis Report. Достапно на: https://bit.ly/2Vwu7TQ
- Фондација отворено општество Македонија. „Барања и препораки испратени до надлежните институции за преземање итни мерки за заштита во услови на криза и вонредна состојба". Достапно на: https://bit.ly/3bwR8Lc
- Хелсиншки комитет за човекови права. „(Не)одговорноста на институциите за најранливите граѓани во услови на криза". Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/soopshtenie_reakcija-za-neodgovornost-na-instituciite-za-ranlivite.pdf
- Хелсиншки комитет за човекови права. 2020. Работнички права во време на коронавирусот. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/infografik7-mk.pdf
- Хелсиншки комитет за човекови права. Мај, 2020. „За многу жени, домот е небезбедно место – два случаи на фемицид во време на пандемија". Достапно на: https://bit.ly/3fM37b1
- ХЕРА. 2020. Извештај за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права во националните политики на РСМ. Достапно на: https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2020/02/PolicyBrief_MK_compressed.pdf
- ХЕРА изјава за А1 ОН. 08.04.2020. „Хера: Владата да ги гарантира здравствените услуги за бремените жени". Достапно на: https://bit.ly/2Y2u17W
- ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување. 2019. Ситуациска анализа за состојбата на Ромките на пазарот на трудот и искористеноста на активните мерки и услуги за вработување. Достапно на: https://bit.ly/35YbTOs
- ХЕРА. 2019. Кои се инвестициите и минималните стандарди за заштита од родово засновано и семејно насилство? Достапно на: https://bit.ly/2KJnUOe
- ХОПС. 2020. „Влијанието на COVID-19 врз заштитата на правата на жртвите на трговија со луѓе и експлоатација SOS: 0800 11111". Достапно на: https://bit.ly/3eWNSf0
- Xhorxhina Bami et al. БИРН. Април, 2020. „Ковид-19 и семејното насилство: кога домот не е најбезбедно место" во BalkanInsight. Достапно на: https://bit.ly/2Z18kpt